# ЗНМ лобира кај дипломатите против политичкото рекламирање во медиумите

Напишано од **Плусинфо** - 16/08/2018 15:21



Претставници на Здружението на новинарите на Македонија вчера и денеска се сретнаа со дипломати акредитирани во Скопје. Претседателот на ЗНМ Насер Селмани и директорот Драган Секуловски имаа одвоени средби со францускиот амбасадор Кристијан Тимоние, амбасадорот на Кралството Холандија, Вилем Ваутер Пломп, заменик амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, Лукаш Холуб, како и со политичкиот советник во американската амбасада Пол Граден, соопшти ЗНМ.

На сите средби претседателот на ЗНМ изрази голема загриженост за последните измени на Изборниот законик за легализација на политичката пропаганда во медиумите со јавни пари и индиректна регулација на онлајн медиумите, кои ќе имаат негативен ефект врз слободата на медиумите.

Селмани на соговорниците им објасни дека владата и опозицијата сакаат со јавни пари да водат политичка пропаганда во медиумите за време на изборна кампања и со тоа да го вратат стариот корумптивен систем меѓу политиката и сопствениците на медиумите од времето на режимот на Груевски. Тој смета дека парите што медиумите ќе ги добиваат од партиите за објавување политичка пропаганда ќе ги направи медиумите финансиски зависни, а тоа ќе влијае врз нивната уредувачка политика.

Тој ги повика дипломатите да се заложат кај владата после референдумот да се повлече можноста јавни пари да се користат за политичка пропаганда и да се отстрани можноста Државната изборна комисија да ги регистрира и казнува онлајн медиумите за време на изборна кампања или референдуми.

Претставниците на ЗНМ со дипломатите разговараа и за неефикасноста на обвинителството и судот за брзо и ефикасно процесуирање на нападите врз новинарите. Освен тоа, тие сметаат дека јавните повици на високи претставници на власта до раководството на Македонската радио телевизија да поднесе оставка е контрапродуктивно и не придонесува за реформа на јавниот сервис.

**Ги обновив колената, половината и "рбетот за 30 дена! Јас препорачувам...**

**Лекарот ја советуваше мајка ми вака да го мие лицето. Брчките ги снема! Таа...**

**Правило број 1 за нега на кожата по 40 - секоја ноќ на кожата нанесувајте...**

**Има 46, а нејзиното момче мисли дека има 23! Секој ден на кожата нанесува ...**